Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИНДЕКС
## на активна транспарентност 2026



септември 2026

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност

# 2026

Скопје, септември 2026 год.

**Индекс на активна транспарентност 2026**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

Електронско издание

Бесплатен/некомерцијален тираж

## Содржина

**Резиме** .................................................................................................................................. 4

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2026** ................................ 5

**Вовед: Зошто активна транспарентност?** ........................................................................ 6

**Методологија** ........................................................................................................................ 7

**Детална анализа на активната транспарентност за 2026** ........................................................ 8

**Прилози: Прашалници за мониторинг на институциите** ........................................................ 23

Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност ...................................... 20

Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност ........................... 22

## Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МЕП | Министерство за европски прашања |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МЕРМС | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МКТ | Министерство за култура и туризам |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОЗ | Министерство за односи меѓу заедниците |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МС | Министерство за спорт |
| МСП | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| МТ | Министерство за транспорт |
| МФ | Министерство за финансии |
| РСМ | Република Северна Македонија |

## Резиме

- Просечната **активна транспарентност** на министерствата, на Владата и на општините за 2026 година изнесува **82 %** (од максимално можни 100 %), што е за два поена повеќе во однос на минатата година кога изнесуваше 80 %.

- Активната транспарентност **само на министерствата и Владата изнесува 86 %** што е подобрување за два процентни поена во однос на ланските 84 %. Со ова министерствата и Владата се вратија на нивото на активна транспарентност што го имаа во 2023 и 2024 година.

- И **општините** го подобрија нивото на активна транспарентност во однос на лани за два процентни поена и сега имаат **81 %**, наместо ланските 79 %.

- Дури **41 %** од опфатените институции **ја влошиле својата активна транспарентност** во 2026 година.

- По пет години водство, Министерството за одбрана веќе не е првата позиција, на која годинава се искачи **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**, кое е единствено министерство со освоени **максимални 100 % активна транспарентност**.

- Кај општините, **четири општини се на водечкото место со 100 %** активна транспарентност: **Градско, Демир Хисар, Зрновци и Штип**, додека ниедна од општините што лани беа лидери не ја задржа својата позиција.

- Меѓу **регионите**, четврта година по ред **на првото место се наоѓа Источниот Регион** со дури подобрена активна транспарентност од лани (**91 %** наспроти 88 % лани).

- На **последно место**, со најниска активна транспарентност од сите рангирани институции, и годинава се наоѓа **Општина Лозово** (со 36,9 % од можни 100 %).

- **Најмалку информации**, и министерствата и општините објавуваат **за финансиите** (министерствата 71 %, а општините 64 % од можни 100 %).

- Во однос на **одговорите** по барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер, што им беа испратени на сите институции во ист ден и со исто прашање, и **општините и министерствата одговорија просечно за 18 дена** (лани за 21 ден).

- **32 %** од институциите **не одговорија** во рамките на максималниот законскиот рок од 20 дена.

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Постои и законска основа за проактивно објавување информации, која се наоѓа, пред сè, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Партнерство за отворена власт.

## Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2026

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Градско | 100,0 % |
| 1 | Демир Хисар | 100,0 % |
| 1 | Зрновци | 100,0 % |
| 1 | Штип | 100,0 % |
| 1 | МЕРМС | 100,0 % |
| 6 | Кочани | 98,5 % |
| 6 | Пласница | 98,5 % |
| 6 | Илинден | 98,5 % |
| 6 | Кичево | 98,5 % |
| 10 | МДТ | 97,6 % |
| 10 | Влада на РСМ | 97,6 % |
| 12 | Гевгелија | 97,0 % |
| 12 | Центар | 97,0 % |
| 14 | Берово | 96.9 % |
| 14 | Брвеница | 96,9 % |
| 14 | Гази Баба | 96,9 % |
| 14 | Карпош | 96,9 % |
| 14 | Крива Паланка | 96,9 % |
| 14 | Куманово | 96,9 % |
| 20 | Битола | 95,4 % |
| 21 | Министерство за финансии | 94,0 % |
| 22 | Бутел | 93,9 % |
| 22 | Кавадарци | 93,9 % |
| 22 | Радовиш | 93,9 % |
| 25 | Министерство за одбрана | 93,2 % |
| 26 | Аеродром | 92,3 % |
| 26 | Велес | 92,3 % |
| 26 | Дојран | 92,3 % |
| 26 | Кисела Вода | 92,3 % |
| 26 | Македонска Каменица | 92,3 % |
| 26 | Пробиштип | 92,3 % |
| 26 | Центар Жупа | 92,3 % |
| 33 | Конче | 92,3 % |
| 34 | Делчево | 91,0 % |
| 35 | Босилово | 90,8 % |
| 35 | Ѓорче Петров | 90,8 % |
| 37 | МВР | 90,5 % |
| 37 | МСПДМ | 90,5 % |
| 37 | МЛС | 90,5 % |
| 40 | Охрид | 89,6 % |
| 41 | Валандово | 89,2 % |
| 42 | Министерство за здравство | 88,6 % |
| 42 | МКТ | 88,6 % |
| 44 | МНР | 88,1 % |
| 44 | МОН | 88,1 % |
| 46 | Василево | 87,7 % |
| 46 | Демир Капија | 87,7 % |
| 46 | Македонски Брод | 87,7 % |
| 49 | МЕП | 86,4 % |
| 50 | Струмица | 86,2 % |
| 51 | МЗШВ | 85,7 % |
| 52 | Богданци | 84,6 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 52 | Виница | 84,6 % |
| 52 | Дебар | 84,6 % |
| 52 | Прилеп | 84,6 % |
| 56 | Свети Николе | 83,6 % |
| 57 | Министерство за правда | 83,3 % |
| 58 | Дебрца | 83,1 % |
| 58 | Крушево | 83,1 % |
| 60 | Карбинци | 81,5 % |
| 60 | Пехчево | 81,5 % |
| 60 | Тетово | 81,5 % |
| 60 | Чашка | 81,5 % |
| 64 | МЈА | 81,0 % |
| 65 | Вевчани | 80,0 % |
| 65 | Јегуновце | 80,0 % |
| 65 | Кратово | 80,0 % |
| | **ДОБРА** | |
| 68 | МЕТ | 79,6 % |
| 69 | Неготино | 79,1 % |
| 70 | МЖСПП | 78,6 % |
| 71 | Новаци | 77,6 % |
| 72 | Ново Село | 76,9 % |
| 72 | Чешиново-Облешево | 76,9 % |
| 74 | Теарце | 73,8 % |
| 75 | МОЗ | 72,7 % |
| 76 | Град Скопје | 72,3 % |
| 77 | Министерство за спорт | 71,4 % |
| 78 | Арачиново | 70,8 % |
| 78 | Кривогаштани | 70,8 % |
| 78 | Могила | 70,8 % |
| 78 | Петровец | 70,8 % |
| 82 | Желино | 69,2 % |
| 83 | Росоман | 68,7 % |
| 84 | Долнени | 67,7 % |
| 84 | Струга | 67,7 % |
| 86 | Липково | 67,2 % |
| 87 | Министерство за транспорт | 66,7 % |
| 88 | Ресен | 66,2 % |
| 89 | Зелениково | 64,6 % |
| 89 | Ранковце | 64,6 % |
| 91 | Шуто Оризари | 62,7 % |
| 92 | Чаир | 61,5 % |
| 93 | Маврово и Ростуше | 61,2 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 94 | Гостивар | 55,4 % |
| 95 | Сарај | 55,2 % |
| 96 | Боговиње | 52,3 % |
| 96 | Студеничани | 52,3 % |
| 98 | Чучер-Сандево | 47,7 % |
| 99 | Врапчиште | 40,3 % |
| 100 | Сопиште | 40,0 % |
| 100 | Старо Нагоричане | 40,0 % |
| | **СЛАБА** | |
| 102 | Лозово | 36,9 % |

## Вовед: Зошто активна транспарентност?

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за 'реактивна транспарентност'.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

» информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции;
» информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите.

И институциите коишто објавуваат информации врз проактивна основа остваруваат корист по неколку основи:

» активната транспарентност им помага да бидат поодговорни во трошењето на јавните пари;
» на тој начин институциите ги промовираат принципите на добро владеење и интегритет и
» институциите се поефикасни бидејќи подобро управуваат со информациите со коишто располагаат.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување информации. И низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, во Законот за буџетите, во Законот за јавен долг, во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Во светот се смета за добра практика кога една институција ги прави достапни до сите граѓани документите и информациите за коишто почесто добива барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања што им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со коишто располага, освен оние за коишто во законот постојат исклучоци.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење. Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите, може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

## Методологија

Истражувањето се спроведува врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците се законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери што се од важност за граѓаните и што влијаат врз нивните животи и работењето, пред сѐ, обврските што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Истражувањето се прави секоја година, од 2016 наваму, и со него се опфатени институциите што се директни носители на извршната власт на централно и на локално ниво, односно на Владата и на министерствата, и на локалните власти, односно на општините и на Град Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за проактивно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за Град Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваат, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето е и тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кое се испраќа до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие секое министерство и Владата се 44, Министерството за финансии може да добие максимум 50 бодови, а општините и Град Скопје 67.

Иницијалното истражување се спроведе од 1 јуни до 31 август 2026 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. според индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број можни бодови. Притоа, 0 % е најнискиот, а 100 % највисокиот ранг.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80 – 100 % исполнетост се рангирани во групата ʼмногу добраʻ, оние со 60 – 80 % во групата ʼдобраʻ, институциите со 40 – 60 % исполнетост се рангирани во групата ʼпросечнаʻ, со 20 – 40 % исполнетост – во групата ʼслабаʻ и со 0 – 20 % – во групата ʼмногу слабаʻ активна транспарентност.

## Детална анализа на активната транспарентност за 2026

- Просечната активна транспарентност на сите министерства и општини за 2026 година изнесува 82 % (од максимално можни 100 %) и е малку подобрена во однос на претходната година (кога изнесуваше 80 %).

- Министерствата и натаму објавуваат повеќе информации отколку општините. Иако во 2016 година почнаа од иста основа, односно имаа ниво на активна транспарентност од 45 %, сѐ уште постои јаз меѓу транспарентноста на министерствата и на општините, иако тој се намалува од година во година. Имено, активната транспарентност на министерствата изнесува 86 %, додека на општините 81 %.

***Движење на активната транспарентност по години***




- И оваа година нема ниту една институција во најслабата група со ʼмногу слабаʻ активна транспарентност, односно со исполнетост на обврските за објавување од само 0 % до 20 %.

- Четири години по ред, повеќе од половина од институциите се наоѓаат во најдобрата група со ʼмногу добраʻ активна транспарентност, односно со повеќе од 80-процентна исполнетост на обврските за проактивно објавување информации.

***Процентуална застапеност на институциите во одделните нивоа на активна транспарентност***



## Најмалку информации се објавуваат за финансиите

- И министерствата и општините објавуваат **најмногу** информации од областа на **пристапот до информации** од јавен карактер, а **најмалку** за своите **финансии**.

- Во доменот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации, коишто произлегуваат главно од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кај **општините** изнесува **90 %**, додека кај **министерствата и Владата** овој процент е значително повисок и изнесува **97 %**.
Во однос на лани, кај општините има мало зголемување од два процентни поени (лани објавувале 88 % од информациите за пристапот), додека кај министерствата нема промена во однос на лани.

- Кај активното објавување информации од областа на финансиите, односно за **буџетската и за фискалната транспарентност**, **општините** исполнуваат само **64 %**, а **министерствата 71 %** од обврските за активно објавување информации.
Ова значи дека и кај општините и кај министерствата, по ланскиот пад, годинава има извесно **зголемување на активната транспарентност** во делот на нивните финансии. Имено, лани, општините објавувале 59 %, а министерствата 58 % од информациите за финансиите.

- Во однос на **информациите за прашањата од надлежност и за услугите**, **општините** имаат просечна исполнетост на обврските за објавување информации од **82 %**, а **министерствата** од **90 %**.
Во овој домен има минимално подобрување на активната транспарентност во однос на лани, и тоа кај општините минимално од само еден процентен поен, додека кај министерствата од два проценти поени.

- Во однос на информациите во доменот на **одговорност, отчетност и интегритет**, **министерствата** објавуваат **88 %** од предвидените информации, додека **општините 86 %**.
Во оваа категорија информации и кај општините и кај министерствата има извесно подобрување и тоа пет процентни поени кај општините и од три процентни поени кај министерствата.

***Активна транспарентност по области***



**АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ВЛАДАТА: По ланскиот пад, годинава благ пораст на активната транспарентност**

- По ланскиот пад на 84 %, министерствата и Владата годинава повторно се искачија на 86 %, ниво на активна транспарентност што го имаа и во 2023 и 2024.
- Од 20 министерства и Владата, кај 12, односно повеќе од половината има пораст на активната транспарентност, додека кај останатите 9 има намалување.
- Единствено министерство кое годинава освои максимални 100 % е Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини кое минатата година беше дури на претпоследното, 20 место.
- По пет години апсолутен примат на врвот на рангирањето со неприкосновени 100 %, Министерството за одбрана годинава падна на петтата позиција со 93,2 % исполнетост на обврските од активната транспарентност. И втората институција која лани имаше 100 %, Министерството за дигитална трансформација, годинава падна на втората позиција со 97,6 %.
- Владата го зголеми нивото на активна транспарентност и од ланското трето, годинава се искачи на второто место со 97,6 %.
- Вкупно осум институции имаат многу високо ниво на активна транспарентност (повисока од 90 %).
- Најголем годишен пораст на активната транспарентност од дури 34,8 процентни поени има кај Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини. Најголемо намалување од 6,8 процентни поени има кај Министерството за одбрана.

***Рангирање на министерствата и Владата според активната транспарентност***

| Ранг 2026 | Ранг 2025 | Институција | Резултат 2026 | Резултат 2025 |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 20 | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | **100,0 %** | 65,2 % |
| **2** | 1 | Министерство за дигитална трансформација | **97,6 %** | 100,0 % |
| **2** | 3 | Влада на РСМ | **97,6 %** | 95,7 % |
| **4** | 5 | Министерство за финансии | **94,0 %** | 92,3 % |
| **5** | 1 | Министерство за одбрана | **93,2 %** | 100,0 % |
| **6** | 10 | Министерство за внатрешни работи | **90,5 %** | 84,8 % |
| **7** | 3 | Министерство за социјална политика, демографија и млади | **90,5 %** | 95,7 % |
| **7** | 10 | Министерство за локална самоуправа | **90,5 %** | 84,8 % |
| **9** | 9 | Министерство за здравство | **88,6 %** | 85,4 % |
| **9** | 16 | Министерство за култура и туризам | **88,6 %** | 83,3 % |
| **11** | 10 | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија | **88,1 %** | 84,8 % |
| **11** | 10 | Министерство за образование и наука | **88,1 %** | 84,8 % |
| **13** | 7 | Министерство за европски прашања | **86,4 %** | 87,0 % |
| **14** | 6 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | **85,7 %** | 91,3 % |
| **15** | 7 | Министерство за правда | **83,3 %** | 87,0 % |
| **16** | 10 | Министерство за јавна администрација | **81,0 %** | 84,8 % |
| **17** | 10 | Министерство за економија и труд | **79,6 %** | 84,8 % |
| **18** | 17 | Министерство за животна средина и просторно планирање | **78,6 %** | 73,9 % |
| **19** | 19 | Министерство за односи меѓу заедниците | **72,7 %** | 69,6 % |
| **20** | 21 | Министерство за спорт | **71,4 %** | 63,0 % |
| **21** | 18 | Министерство за транспорт | **66,7 %** | 71,7 % |

**АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНИТЕ: Повеќе од третина од општините имаат активна транспарентност поголема од 90 %**

- Ниту една од општините што лани имаа максимални 100 % активна транспарентност, годинава не ја задржаа водечката позиција. На првото место со најголема активна транспарентност се четири општини кои никогаш не биле на врвот: Градско, Демир Хисар, Зрновци и Штип.
- Постојано најниско рангираната општина Лозово и годинава е на последното место, со активна транспарентност од 36,9 %.
- Дури 51 општина (четири повеќе од лани) се наоѓаат во најдобрата група на институции, онаа со 'многу добра' активна транспарентност, односно со исполнување на обврските за објавување јавни информации од 80 % до 100 %.
- Својата транспарентност годинава ја подобриле 48 општини (лани имаше подобрување кај 40 општини). Општини коишто својата активна транспарентност ја подобриле за најмногу процентни поени се Демир Капија (за 37,7 поени), Пласница (за 28,9 поени) и Росоман (за 16,6 поени), додека најголемо влошување има кај Маврово и Ростуше (за 24,7 поени).
- Општини се наоѓаат и на последните 15 места од рангирањето на сите институции.

**РЕГИОНАЛНА СПОРЕДБА:**
**Источниот Регион останува на првото место, а Полошкиот Регион на последното**

- Четири региони остварија подобрување на активната транспарентност во 2026 година, три остварија влошување, а кај еден регион нема промени во активната транспарентност.
- Источниот Регион и годинава ја задржа лидерската позиција меѓу регионите, со зголемување на активната транспарентност на 91 %, што е прв пат некој регион да ја достигне и надмине границата од 90 %. Претходните две години, овој регион исто така беше на првата позиција со активна транспарентност од 88 %.
- Југозападниот и Југоисточниот Регион ги заменија местата на втората и на третата позиција. Сега втор е Југозападниот Регион со 87 % (лани 82 %), а трет е Југоисточниот Регион со 82 % (лани 82 %). Пелагонија останува на четвртото место со непроменета активна транспарентност со 80 %.
- Скопскиот Регион повторно падна за едно место и сега е на шестата позиција со 75 %, еден поен помалку од ланските 76 %. Полошкиот Регион остана на последното место со загубени три поени, односно со 68 % наспроти ланските 71 %.

***Рангирање на регионите според активната транспарентност***



### **Источен Регион 91 % (лани 88 %)**

- Источниот Регион остана на челната позиција, на која, со прекин од една година, се наоѓа веќе осум години. Просечното исполнување на обврските од активната транспарентност на овој регион годинава изнесува 91 % и е повисок од 88 % што регионот ги имаше во претходните две години. Сите општини од овој регион, освен една, се наоѓаат во групата институции со 'многу добра' активна транспарентност од 80 % до 100 %.

- За разлика од лани, кога немаше општина со 100 % , годинава дури две општини од регионот, Зрновци и Штип, имаат максимални 100 %. Кочани и Берово остануваат следни во врвот како и лани.

- Македонска Каменица, Пробиштип и Делчево остануваат на средината на табелата, иако годинава сите имаат зголемена активна транспарентност во однос на лани.

- Виница успеа да се извлече од ланското последно место, на кое годинава падна Чешиново – Облешево, единствената општина од регионот со позначителен пад на активната транспарентност во однос на лани.

- Со мало намалување на активната транспарентност годинава, Пехчево повторно е на претпоследното место како и пред две години.

***Активна транспарентност на општините од Источниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Зрновци | 100,0 % |
| 1 | Штип | 100,0 % |
| 3 | Кочани | 98,5 % |
| 4 | Берово | 96,9 % |
| 5 | Македонска Каменица | 92,3 % |
| 5 | Пробиштип | 92,3 % |
| 7 | Делчево | 91,0 % |
| 8 | Виница | 84,6 % |
| 9 | Карбинци | 81,5 % |
| 9 | Пехчево | 81,5 % |
| 11 | Чешиново-Облешево | 76,9 % |

### **Југоисточен Регион 89 % (лани 87 %)**

- Југоисточниот Регион, со ново подобрување за два поена, успеа да се задржи на втората позиција на која се наоѓа три години по ред.

- Гевгелија ја задржа лидерската позиција во регионот зголемувајќи ја својата активна транспарентност за нови четири поени во однос на лани.

- На следните три места се општини што лани беа при дното на табелата: Радовиш, Дојран и Конче, сите со значително подобрена активна транспарентност во 2026 година.

- Кон средината и во втората половина на табелата се наоѓаат три општини кои порано секогаш биле кон врвот на табелата: Босилово, Валандово и Василево, сите три со мало влошување на активната транспарентност во 2026 година. Некогашниот лидер, Струмица сега е дури на осмото место, со најниско ниво на активна транспарентност во последните пет години.

- Со подобрувањето на Дојран за дури 27,2 поени годинава, сега на последното место останува Ново Село кое речиси постојано беше на претпоследното место.

*Активна транспарентност на општините од Југоисточниот Регион*

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Гевгелија | 97,0 % |
| 2 | Радовиш | 93,8 % |
| 3 | Дојран | 92,3 % |
| 3 | Конче | 92,3 % |
| 5 | Босилово | 90,8 % |
| 6 | Валандово | 89,2 % |
| 7 | Василево | 87,7 % |
| 8 | Струмица | 86,2 % |
| 9 | Богданци | 84,6 % |
| 10 | Ново Село | 76,9 % |

## Југозападен Регион 87 % (лани 82 %)

- И Југозападниот Регион остана на својата позиција од лани, иако ја зголеми својата активна транспарентност за 5 поени, односно 87 % од 82 %.
- Кичево ја задржа лидерската позиција на која се наоѓа трета година по ред, но не успеа да ги зачува максималните 100 % од претходните две години и годинава има 98,5 %, исто колку што сови и Пласница која од претпоследното место лани, сега го дели лидерското место со Кичево.
- Центар Жупа и годинава е веднаш зад водечките во регионот, како и Охрид на четвртата позиција.
- Македонски Брод скокна од седмата на петата позиција со зголемена активна транспарентност од лани од 78,6 % на 87,7 %.
- Струга останува последна во регионот со 67,7 % иако и нејзината актива транспарентност е зголемена во однос на ланските 61,4 %. Претпоследна општина е Вевчани која лани беше шеста.

*Активна транспарентност на општините од Југозападниот Регион*

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Пласница | 98,5 % |
| 1 | Кичево | 98,5 % |
| 3 | Центар Жупа | 92,3 % |
| 4 | Охрид | 89,6 % |
| 5 | Македонски Брод | 87,7 % |
| 6 | Дебар | 84,6 % |
| 7 | Дебрца | 83,1 % |
| 8 | Вевчани | 80,0 % |
| 9 | Струга | 67,7 % |

### Пелагониски Регион 80 % (лани 80 %)

- Веќе четири години по ред Пелагонискиот Регион е на четвртата позиција, со непроменето просечно исполнување на обврските од активната транспарентност од 80 %.
- Демир Хисар ја задржа лидерската позиција во регионот, но годинава со освоени максимални 100 %.
- Битола и годинава е на втората позиција со 95,4 %, иако во минатото оваа општина беше меѓу првите со освоени 100 % и со лидерска позиција во земјата.
- Веќе неколку години, на третото место е Прилеп кое, за разлика од ланското подобрување, годинава загуби дури осум процентни поени.
- Крушево, Новаци, Кривогаштани и Могила, веќе стандардно се наоѓаат на средината од табелата, менувајќи за по едно своите места.
- На последните места и годинава се Долнени и Ресен кои и годинава ги заменија последните две позиции и сега Ресен е последен со само 66,2 % активна транспарентност.

***Активна транспарентност на општините од Пелагонискиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Демир Хисар | 100,0 % |
| 2 | Битола | 95,4 % |
| 3 | Прилеп | 84,6 % |
| 4 | Крушево | 83,1 % |
| 5 | Новаци | 77,6 % |
| 6 | Кривогаштани | 70,8 % |
| 6 | Могила | 70,8 % |
| 8 | Долнени | 67,7 % |
| 9 | Ресен | 66,2 % |

### Вардарски Регион 80 % (лани 73 %)

- Вардарскиот Регион е еден од регионите кои најмногу ги менува своите места на рангирањето. Лани падна од петтата на претпоследната позиција, за годинава повторно да се искачи на четвртата позиција, со седум процентни поени подобрена активна транспарентност.
- Со 100 % активна транспарентност, Градско ја презеде лидерската позиција од Кавадарци, кое падна на второто место и не успеа да ги задржа 100 % од лани.
- Некогашниот неприкосновен лидер, Велес и годинава е на третото место на кое падна лани, иако ја подобри својата активна транспарентност за осум процентни поени.
- Свети Николе и Чашка се стандардно кон средината на табелата, но годинава им се придружи и Демир Капија која лани беше претпоследна. Демир Капија е општината со најголемо годишно подобрување на активната транспарентност од сите општини во земјава (од 37,7 поени).
- Последните три места остануваат на Неготино, Росоман и Лозово. Лозово е најслабо рангирана од сите општини во земјава со активна транспарентност од само 36,9 %. Со тоа, оваа општина е единствена од рангираните институции во групата ’слаба‘ активна транспарентност, односно со исполнетост на обврските за објавување од само 20 % до 40 %.

***Активна транспарентност на општините од Вардарскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Градско | 100,0 % |
| 2 | Кавадарци | 93,8 % |
| 3 | Велес | 92,3 % |
| 4 | Демир Капија | 87,7 % |
| 5 | Свети Николе | 83,6 % |
| 6 | Чашка | 81,5 % |
| 7 | Неготино | 79,1 % |
| 8 | Росоман | 68,7 % |
| 9 | Лозово | 36,9 % |

**Скопски Регион 75 % (лани 76 %)**

- Скопскиот Регион загуби една позиција во однос на лани и годинава е шестото место со 75 % активна транспарентност. Сепак, ова е втора година по ред овој регион да не е на последните две места, позиција која ја имаше со години наназад.
- Иако секогаш при врвот, за првпат на водечката позиција годинава се искачи Илинден, со 98,5 % активна транспарентност.
- Центар остана на втората позиција, со 97 %, додека ланскиот лидер и секогаш при врвот, Гази Баба, годинава го дели третото место со Карпош, општина која некогаш беше долгогодишен лидер во Скопскиот Регион.
- Бутел скокна за едно место, а Аеродром за две, но Кисела Вода од ланското второ место, сега падна на шестата позиција, со речиси за пет поени помало ниво на активна транспарентност во однос на лани.
- Град Скопје е на деветтата позиција со речиси идентична активна транспарентност како и лани.
- И до крајот на табелата нема некои позначителни промени кај општините во однос на лани.
- Последните општини Сарај, Студеничани, Чучер Сандево и Сопиште се на последните места и во севкупното рангирање на сите општини и министерства.

***Активна транспарентност на општините од Скопскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Илинден | 98,5 % |
| 2 | Центар | 97,0 % |
| 3 | Гази Баба | 96,9 % |
| 3 | Карпош | 96,9 % |
| 5 | Бутел | 93,8 % |
| 6 | Аеродром | 92,3 % |
| 6 | Кисела Вода | 92,3 % |
| 8 | Ѓорче Петров | 90,8 % |
| 9 | Град Скопје | 72,3 % |
| 10 | Арачиново | 70,8 % |
| 10 | Петровец | 70,8 % |
| 12 | Зелениково | 64,6 % |
| 13 | Шуто Оризари | 62,7 % |
| 14 | Чаир | 61,5 % |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Сарај | 55,2 % |
| 16 | Студеничани | 52,3 % |
| 17 | Чучер Сандево | 47,7 % |
| 18 | Сопиште | 40,0 % |

**Североисточен Регион 74 % (лани 73 %)**

- Североисточниот Регион се врати на претпоследната позиција меѓу регионите, по ланското подобрување за едно место.
- Речиси нема промени во рангирањето на општините од овој регион во однос на лани, со исклучок на Крива Паланка која се искачи од ланската втора, на првата позиција која ја дели со Куманово.
- Како и лани, и годинава последни во регионот остануваат Ранковце и Старо Нагоричане. Старо Нагоричане е претпоследна општина во земјата според нивото на активна транспарентност.

***Активна транспарентност на општините од Североисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Крива Паланка | 96,9 % |
| 1 | Куманово | 96,9 % |
| 3 | Кратово | 80,0 % |
| 4 | Липково | 67,2 % |
| 5 | Ранковце | 64,6 % |
| 6 | Старо Нагоричане | 40,0 % |

**Полошки Регион 68 % (лани 71 %)**

- Полошкиот Регион останува на дното на ранг-листата, втора година по ред со влошување на активната транспарентност.
- Долгогодишниот лидер во регионот, Брвеница останува неприкосновена на првата позиција во регионот, со активна транспарентност од 96,9 % што е за речиси три поени повеќе од лани.
- Тетово успеа да се искачи од третата на втората позиција иако има исто ниво на активна транспарентност како и лани.
- Теарце, Јегуновце и Желино се стандардно во средината на табелата.
- Најголем губитник годинава е Маврово и Ростуше која две години се наоѓаше на втората позиција од која годинава падна на шестата. Оваа општина има најголемо годишно влошување на активната транспарентност од сите рангирани институции и во однос на лани има помалку 24,7 поени.
- Гостивар е на истата, седма, позиција, но со нови 3,2 поени пониска активна транспарентност.
- Последните општини на табелата,  Боговиње и Врапчиште се меѓу последните и на севкупното рангирање. Тие се  наоѓаа на истите две позиции и лани.

***Активна транспарентност на општините од Полошкиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Брвеница | 96,9 % |
| 2 | Тетово | 81,5 % |
| 3 | Јегуновце | 80,0 % |
| 4 | Теарце | 73,8 % |
| 5 | Желино | 69,2 % |
| 6 | Маврово и Ростуше | 61,2 % |
| 7 | Гостивар | 55,4 % |
| 8 | Боговиње | 52,3 % |
| 9 | Врапчиште | 40,3 % |

**ОДГОВОРИ НА БАРАЊАТА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР: Институциите просечно одговорија за 18 дена (лани за 21) и 68 % ги доставија барањата во законскиот рок (лани 54 %)**

- Институциите одговорија на барањата за слободен пристап што им беа доставени во ист ден и со иста содржина просечно за 18 дена, односно два дена пред истекот на максималниот законски рок. Лани, просечниот број денови за одговор беа 21, што значи има одредено подобрување.

- 68 % од институциите одговорија на барањето во максималниот законски рок од 20 дена, останатите 32 % го доставија одговорот по истекот на овој рок или воопшто не одговорија на барањето (шест институции).

***Одговори на барањата за слободен пристап во законскиот рок (сите институции)***




- За првпат годинава и министерствата и општините се исти во однос на просечниот број денови за кои одговориле на барањата. И општините и министерствата одговорија на барањата за слободен пристап просечно за 18 дена.

- Најбрз одговор, само за еден ден, пристигна од 3 општини. Не одговорија шест институции, односно по три министерства и општини.

- Во законскиот рок од 20 дена и целосно, на барањата одговорија 56 % од институциите, односно 62 % од општините и 33 % од министерствата.

***Просечен број денови во коишто одговориле на барањата за пристап***




## Победници и губитници

- Повеќе од половина од институциите (59 %) ја подобриле својата активна транспарентност во 2026 година во однос на 2025 година. Од друга страна, 41 % од институциите објавиле помалку информации од лани.
- Најголемо поединечно подобрување од скоро 38 процентни поени има кај Демир Капија, а најголемо намалување на активната транспарентност од речиси 25 процентни поени има кај Маврово и Ростуше.
- Кај министерствата, најголемо подобрување има кај Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини (за 34,8 процентни поени), а најголемо влошување имало кај Министерството за одбрана (6,8 процентни поени).

***Годишна промена во активната транспарентност***
*(промена во процентни поени, 2026 во однос на 2025 година)*

| Институција | Промена | Институција | Промена |
|---|---|---|---|
| Демир Капија | 37.7 | Босилово | 0.9 |
| МЕРМС | 34.8 | Ѓорче Петров | 0.9 |
| Пласница | 28.9 | Валандово | 0.6 |
| Росоман | 16.6 | Ресен | 0.5 |
| Дојран | 13.7 | Карбинци | 0.3 |
| Македонски Брод | 9.1 | Чашка | 0.3 |
| Зрновци | 8.7 | Вевчани | 0.3 |
| Министерство за спорт | 8.4 | Град Скопје | 0.2 |
| Долнени | 8.3 | Тетово | 0.1 |
| Велес | 8.0 | Центар | -0.1 |
| Аеродром | 6.8 | Карпош | -0.2 |
| Конче | 6.8 | Куманово | -0.2 |
| Радовиш | 6.7 | Берово | -0.2 |
| Ранковце | 6.6 | Министерство за европски прашања | -0.6 |
| Пробиштип | 6.6 | Старо Нагоричане | -0.6 |
| Шуто Оризари | 6.4 | Свети Николе | -0.7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Струга | 6.3 | | Новаци | -1.3 |
| Студеничани | 5.9 | | Пехчево | -1.4 |
| Градско | 5.8 | | Кичево | -1.5 |
| Министерство за локална самоуправа | 5.7 | | Гази Баба | -1.6 |
| Министерство за внатрешни работи | 5.7 | | Сопиште | -2.0 |
| Министерство за култура и туризам | 5.3 | | МДТ | -2.4 |
| Охрид | 5.3 | | Струмица | -2.4 |
| Македонска Каменица | 5.2 | | Кривогаштани | -3.1 |
| МЖСПП | 4.7 | | Петровец | -3.1 |
| Виница | 4.6 | | Гостивар | -3.2 |
| Гевгелија | 4.0 | | Врапчиште | -3.4 |
| Лозово | 3.6 | | Василево | -3.6 |
| МНР | 3.3 | | Министерство за правда | -3.6 |
| Министерство за образование и наука | 3.3 | | МЈА | -3.8 |
| Министерство за здравство | 3.2 | | Богданци | -4.0 |
| Дебар | 3.2 | | Крушево | -4.0 |
| Министерство за односи меѓу заедниците | 3.1 | | Теарце | -4.5 |
| Неготино | 3.0 | | Могила | -4.6 |
| Боговиње | 3.0 | | Кисела Вода | -4.8 |
| Кратово | 2.9 | | Зелениково | -5.0 |
| Демир Хисар | 2.9 | | Министерство за транспорт | -5.1 |
| Брвеница | 2.7 | | МСПДМ | -5.2 |
| Крива Паланка | 2.6 | | Министерство за економија и труд | -5.2 |
| Бутел | 2.5 | | Липково | -5.3 |
| Битола | 2.5 | | МЗШВ | -5.6 |
| Делчево | 2.3 | | Сарај | -5.7 |
| Влада на РСМ | 2.0 | | Ново Село | -5.7 |
| Јегуновце | 1.7 | | Чешиново – Облешево | -5.7 |
| Министерство за финансии | 1.7 | | Чучер – Сандево | -5.9 |
| Кочани | 1.4 | | Кавадарци | -6.2 |
| Штип | 1.4 | | Чаир | -6.6 |
| Илинден | 1.4 | | Министерство за одбрана | -6.8 |
| Арачиново | 1.2 | | Дебрца | -6.8 |
| Желино | 1.1 | | Прилеп | -8.3 |
| Центар Жупа | 1.0 | | Маврово и Ростуше | -24.7 |

## Прилози: Прашалници за истражување

### 1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?

3. Дали е објавен начинот за поднесување барање за пристап до информации?

4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**

6. Дали се објавени податоци за министерот (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?

8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?

**Трета група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

11. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

12. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

13. Дали се објавени прописите што ги донесува институцијата во вид на подзаконски акти?

14. Дали е објавен стратешкиот план и/или стратегијата за работа?

15. Дали е објавен годишен план и/или програма за работа за тековната година?

**Четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

16. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

17. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?

19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и содржина на одговорот

**Дополнителни прашања за Министерството за финансии**
**(од четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност)**

22. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот за тековната година?

23. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во претходната година?

24. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РСМ во претходната или тековната година?

## 2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?

3. Дали е објавен начинот на поднесување на барање за пристап до информации?

4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**

6. Дали се објавени податоци за градоначалникот (биографија, контакт и сл.)?

7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?

8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?

10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?

11. Дали се објавува статутот на општината?

12. Дали се објавуваат службените гласила на општината?

13. Дали се објавуваат дневните редови за седниците на Советот на општината?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

14. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

15. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

16. Дали се објавува граѓански буџет?

17. Дали се објавуваат квартални извештаи за извршување на буџетот за претходната година?

18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?

19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?

20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?

21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Четврта група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

22. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

23. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?

24. Дали се објавени прописите што ги донесува имателот на информации во вид на подзаконски акти?

25. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

26. Дали се објавуваат ДУП/ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?

27. Дали се објавуваат информации за урбанистичкото планирање (одобренија за градба)?

28. Дали се објавуваат информации за заштита на животна средина?

29. Дали се објавуваат информации за локален економски развој?

30. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?

31. Дали се објавуваат информации за културата?

32. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?

33. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на децата?

34. Дали се објавуваат информации за образованието?

35. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?

36. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?

37. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?

38. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институцијата?

39. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?

40. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и содржина на одговорот